ЗМАИ
Здружение за истражување и анализи

**До**: Државен инспекторат за земјоделство
ул. Гоце Делчев, бр. 18
1000 Скопје

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Од:** Здружение за истражување и анализи ЗМАИ, Скопје, ул. Емил Зола бр. 9/2-20, 1000 Скопје

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- На колку вработени (во јавниот сектор) им престанал работниот однос во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос**, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**
- Колку нови вработувања и преземања (од јавниот сектор) се направени во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот однос**, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**
- Колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирала институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот (доколку и за што е возможно)** за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

1) увид
2) препис
3) фотокопија
4) **електронски запис (пожелно е во word или во excel формат)**
5) друго ______________

Начин на доставување на информацијата:

1) по пошта
2) телефон
3) факс
4) **е-маил**

5) друго _____________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 29.04.2022 година .**

___________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

# Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за земјоделство

**Архивски број:**
**Датум: 15.05.2022 година**
До: Здружение за истражување и анализи ЗМАИ, Скопје, ул. Емил Зола бр. 9/2-20, 1000 Скопје

Почитувани,

Соглесно меилот доставен од Ваша страна, каде врз основа на член 4 и член 12 од законот за Слободен пристап до информацииод јавен карактер („Службен весник на Р.С. Македонија" број 101/2019,) ги имате побарано следниве информации

- Согласно точка 1 каде што имате побарано на колку вработени им престанал работниот однос во институцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година, Државниот инспекторат за земјоделство ве известува дека, во 2020 работниот однос им престанал на 2 инспектори со висока стручна спрема и 1 административен службеник со средна стручна спрема, во 2021 работниот однос им завршил на 3 инспектори со висока стручна спрема и во првите 4 месеци од 2022 година работниот однос им престанал на 3 инспектори со висока стручна спрема
- Согласно точка 2 каде што имате побарано колку нови вработувања и преземања (од јавниот сектор) се направени во институцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот однос, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година , Државниот инспекторат за земјоделство ве известува дека во 2020 имаме направено едно превземање на државен администрати службеник - помлад соработник, а додека во 2021 година исто така имаме направено 1 превземање на државен администрати службеник - советник и двајцата со висока стручна спрема.
- Согласно точка 3 каде што имате побарано колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирала институцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот (доколку и за што е возможно) за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година , ви ги доставуваме следниве податоци , во период од 2020 до 2022 имаме 6 привремени договори со повеќе од 3 годишно работно искуство со траење на договор од 1.01. до 31.12. од кој 2 советник инспектори со висока стручна спрема , 1 помлад инспектор со висока стручна спрема , 1 советник со висока стручна спрема и 1 соработник со висока стручна спрема и 1 помлад соработник со висока стручна спрема.

Со почит,
**В.Д Директор на Државниот инспекторат за земјоделство**
**Проф. Д-р. Зоран Шапуриќ**


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk